РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ЕКОНОМИЈА НА ЈАВНИОТ СЕКТОР НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот конкурс во весникот ”Утрински весник”, од 27.11.2008 година, за избор на наставник по предметот економија на јавниот сектор, на Економскиот факултет на Универзитетот ”Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 15.12.2008 година не определи за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметот економија на јавниот сектор.

По проучувањето на пријавата и другите конкурсни материјали Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријави само кандидатот д-р Љубомир Кекеновски, доцент на Факултетот по предметот економија на јавниот сектор на Економскиот факултет во Скопје.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Љубомир Кекеновски е роден во Скопје на 23.10.1962 година. Основното и средното образование ги завршил во родниот град. По успешното завршување на студиите на Економскиот факултет во Скопје, во учебната 1988/89 се запишал на последипломските студии на студиумот ”Економски развој со методи на економската анализа”. По полагањето на предвидените испити на овој студиум, ја изработил и на 14.07.1995 година ја одбранил магистерската работа под наслов ”Јавниот сектор во развиените пазарни стопанства”, со што се стекнал со академско звање магистер на економски науки.

Од своето вработување на Факултетот на 1.3.1989 година, како помлад асистент е ангажиран во изведувањето вежби по предметот политичка економија, во спроведувањето на колоквиумот по истиот предмет, како и во одржувањето консултации и други активности кои се интегрален дел на наставно-научниот процес на Факултетот. Во еден мандат бил и секретар на Катедрата за економија.

Во текот на работењето остварил повеќе студиски престои во странство. Како стипендист на француската влада во 1991 година престојувал на Универзитетот “Stendal” во Гренобл, како и на Сорбона во Париз во 1995 година. Во 1993 и 1995 година ја посетувал летната школа за економисти во Олштин и Олштинек - Полска. Во 1995 година бил во Центарот за јавни претпријатија и на Економскиот факулет во Љубљана, Словенија. Во 1997 година бил учесник на семинарот на Институтот за јавно и приватно партнерство - ИПЗ, во Вашингтон - САД, на тема ”Public and Private Partnerships in transport and telecomunications”.

Во 1997 година објавувил книга со наслов “Јавниот сектор во развиените пазарни стопанства”, која се користи како учебно помагало во изведување на наставата и испитите по истиот предмет.

На 22.3.1999 година ја одбранил докторската дисертација “Новата положба на јавниот сектор, со посебен осврт на профилирањето на јавниот сектор во Република Македонија”.

Во јуни 1999 година е избран за доцент по предметот економија на јавниот сектор, а после пет години активно продлабочување на наставната материја, во Март 2004 година е избран за Вонреден професор на предметот Економија на јавниот сектор.

Од 1998 до 2000 година бил координатор за Република Македонија на меѓународниот PHARE ACE проект “Миграциите меѓу балканските земји”, кој успешно е завршен во соработка со Универзитетите во Софија, Атина, Тирана, Рим и Гренобле.

Во неговото научно и стручно усовршување остварил повеќе студиски престои во странство. Вредни за истакнување се реализираните студиски престои на Економскиот факултет при Универзитетот во Рен, Франција, во октомври 2004 година, и две години подоцна на Универзитет Рен, Ноември и Декември 2006 година, кога во рамките на Sokrates Erazmus програмата на Европската Унија, ќе реализира престој во својство на визитинг професор. Потоа, за одбележување е, и одржувањето на престижната Jean Monnet Lectures на Универзитетот во Берлин, Германија, при Jean Monnet Centre of Excellence for European Integration, во Јуни 2005 година. Особена чест му била укажана за време на неговиот работен престој во Барселона, да одржи три предавања на врвниот Универзитетот ESADE од Барселона, кај професорот во текот на Септември 2007 година.

Истата година станал добитник на Фулбрајтовата стипендија, по што неговите научно истражувачки тези “Discovering and Measuring Transactional Costs - Comparative Analysis of the Case of the Republic of Macedonia with Other Countries in Transition and the United States of America” биле прифатени од неговиот ментор, професорот Лестер Тароу од MIT, во Кембриџ, Бостон САД. Во рамки на неговиот научно истражувачки престој од февруари до септември 2008 година успешно го реализира проектот на Универзитетот MIT - департманот за економија и MIT SLOAN.

Напоредно со неговиот наставно научен ангажман бил член и претседател на Комисијата за доделување на 13 ноемвриска награда за општествените дејности, 2005/2006, претседавач со социјално - економскиот совет на Евро Балкан 2004-2006 година. Потоа бил претседател на економската комисијата за евро интеграција на Форумот за евро Интеграција - ФЕИМ, член на форумот Македонија, како и член на одборот за доделување на наградата за животно дело - 11 Октовмри за 2008 година.

Во периодот од 2000 до 2007 година бил член на Советот на Народна Банка на Република Македонија и претседавач на Советот на надворешните членови. Постојан член е и на мрежата асоцијации на централни банки од Европа - СУЕРФ од Виена. Од 2007 година е член на Бордот на меѓународното списание, International Managment Reviuw од Љубљана, Словенија.

НАСТАВНА РАБОТА И НАУЧНО-СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во наставната работа, кандидатото Кекеновски Д-р Љубомир, веќе подолого време ја има воспоставено практиката да се поканувaат и предавачи од домашни и од странски универзитети, како и раководители од јавните претпријатија и институции во Република Македонија. За одбележување е дека уште во 2005 година имаше една недела гостин предавач од Економскиот Факултет при Универзитетот Рен 2, професорот Дидиер Бевант. Така во изминативе пет години пред студентите досега продефилирале десетина домашни и странски професори, раководители и експерти од областа на јавниот сектор (во учебната 2008/9 на пример беа гости Директорот на Регулаторна Комисија за Енергија на РМ, и директорот на ЈП Водовод Скопје). Значајно искуство е неговиот престој како визитинг порофесор на Економскиот Факултет при Универзитетот во Рен во Франција. Во таа прилика активно учествувал во предавањата со деканот на Економскиот факултет во Рен, професорот Маурис Басле, како и на постдипломските студии од област на јавниот сектор - Управување со мрежните индустрии. Вредно е да се спомене дека овој постдипломкси курс е еден од најсовремните од оваа проблематика во Франција и ЕУ. Во текот на престојот оддржал и посебно предавање за наставниот кадар на економскиот факултет на тема “Процесот на Приближувањето на Република Македонија кон Европската Унија”.

Во текот на 2008 година од Февруари до Септември, како добитник на Фулбрајтовата стипендија има извонредна можност да престојува на МIT Универзитетот во Кембриџ, САД. Така, тој го реализира студискиот престој на MIT SLOAN. Во рамките на престојот потполно ги извршува сите задолженија како staff на MIT SLOAN, од учество на бројните семинари, конференциии до редовно присуство и учество во наставата на професорот Лестер Тароу. Во рамките на престојот по сугестија на професорот Тароу,

два месеца (април и мај) ги посетувал предавањата и остварил корисна соработка со професорите од Универзитот Харвард, Андреи Шлеифер, Роберто Алесина, Јан Причет и Лоренс Самерс. Во истиот период, неколкупати остварил и учество на конференции на Универзитетите Columbia и NYU во Њурорк.

Со овие сознанија, стекнати од неговата област, кандидатот Д-р Кекеновски Љубомир континуирано ја унапредува наставата по економија на јавниот сектор како нова наставна дисциплина на нашиот Факултет.

Освен ангажманот на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот притоа има активна соработка со студентите, низ која постојано се труди да ги следи и да им ги презентира најактуелните трендови во теоријата и практиката на јавниот сектор кои се преточени во најновата книга - Економија на јавниот сектор. Учествува и во изведување на наставата и на постдипломксиот студиум-Управување во јавниот сектор, на предметот Економија на Јавниот сектор, како и во тимот по предметот Јавни финансии , на постдипломскиот студиум по менатарна економија.

Освен на Економскиот факултет - Скопје, ги предложил наставните програми и ќе биде ангажиран на предметите - Јавен Менаџмент (петта година) на Политички студии на Правниот факултет - Скопје, и предметот - Пазар на електрична енергија на Електро фаултет - петта година на студиумот - Умни енергетски мрежи.

Објавени книги и учебни помагала

До сега, Кандидатот има објавено повеќе стручни статии и книгата “Јавниот сектор во развиените пазарни стопанства” која служи како учебно помагало на предметот Економија на јавниот сектор.

Книгата (координатор и коавтор) “Мерење на трансакционите трошоци” (на македонски) и Transaction Cost (англиско идание) 2007 година.

Книгите - “Економија на јавниот сектор” се користи како учебник по по истоимениот предмет на Економскиот факултет - Скопје.

Во објавување е и збирката трудови - "Социо- економски есеи”.

Изминативо петгодишен период по изборот за вонреден професор по предметот економија на јавниот сектор е одбележан со богата научно истражувачка дејност на кандидатот. Во овој период објавил повеќе научни трудови.

.Објавени научни трудови :

1. "Можности за економска соработка на просторот на поранешна Југославија" Зборник на трудови, Нови Сад, октомври 2004 година.

2. "Пристапност на Јавните услуги во различни региони и социјални слоеви во Репубика Македонија". Милиниумски Цели УНДП, Декември 2004 година.
3. Анализа на економските причини за побрзо интегрирање на Република Македонија во ЕУ - Саем на НВО- Евродијалог, Октомври 2004 година
4. "Социо- економските услови на Република Македонија -кој пат за побрза интеграција во Европската Унија" . Рен, Франција Октомври, 2004 година.
5. "Политичко - економските аспекти на Илинденското востание" - Зборник на МАНУ 2005 година.

6. "Institutional and legal framework for transformation of the public sector in Republic of Macedonia. Sofijas , Економски инситутут на БАН, Софија 2005 година.

7. Стратегија за спречување на корупцијата - Анализа на причините и последиците на корупцијата во јавниот сектор. Сорос-Скопје, 2005.

8. Предговор на книгата, "Капитализмот во Русија 100 години потоа" на Јуриј Лушков, Култура - Скопје, 2006 година

9. "Социо- економските услови на Република Македонија -кој пат за побрза интеграција во Европската Унија" - Рен, Франција 2006 година.

10. "Civil society as a Building stone of functioning market economy in South East Europe"- Institut für den Donauraum und Mitteleuropa (IDM)- "The role of Civil Society Sector in the improvement of the Business climate in the Republic of Macedonia"- Виена 2006 година.

11. " Балканот како регион за конфликт или соработка" - Issik Unversity- Ortadogu ve Balkan İncelemeleri Vakfı –OBIV, Истанбул, 2006 година.

12. "L'Europe elargie et ses defis" Ohrid Conference -Les défis de transformation de pays des Balkan L'ouest vers L'Union Europeene, Cedimes, Парис , 2006година

"

13. „The last mile in the postal sector" - Меѓународна конференција на поштенските синдикати од ЈИЕ, 2006 Струга.

14. Les problèmes actuels au niveau socio-économique en Republic de Macedoine", РЕН , 2006 година.

15. " Трансакциони трошоци во економијата на Република Македонија" Скопје, 2007 година.

16. „Transaction cost in the Macedonian Economy" , Скопје 2007 година.

17. . "Моделот на управување и економскиот раст во Република Македонија" Зборник на трудови, Форум плус, 2007 година.

18. „Влијанието на идеологиите врз општествениот развој - социо економска анализа на социјалистичкиот модел во Р. Македонија" - Вилнус , Литванија, 2007 година.

19. "Економските аспекти на креативните индустрии", во рамки на "Стратегијата за развој на креативните индустрии", Министерство за култура-2007/2008 година.

20. European integration and NATO proces in the Western Balkan "The Macedonian way" Софија, Ноември 2008.

.

Дел од трудовите напишани и објавени по изборот на кандидатот за вонреден профессор ќе бидат предмет на посебен приказ :

1.Економија на јавниот сектор. Според својата структура, книгата Економија на јавниот сектор, ги третира сите релевантни прашања и проблеми што се предмет на изучување на оваа комплексна научна дисциплина.

Првиот дел на трудот има воведен карактер и ги третира прашањата за местото, значењето и опфатот на јавниот сектор во современите економии, како и прашањата за пазарниот неуспех и инволвирањето на државата во економскиот живот. Во тој контекст се елаборирани најзначајните домени на пазарниот неуспех: монополи, јавни добра, екстерналии, како и пристапите за нивна државна регулација (економска и општествена). Притоа, детално се образложени теоретските дефиници на главните поими, и дефиниции во јавниот сектор за да се претстави категоријалниот апарат со кој се служи теоријата на јавниот сектор.

Вториот дел на трудот ја третира проблематиката на јавниот избор, една вонредно значајна и комплексна теорија, која, меѓу другото, објаснува како владата одлучува за значајни економски прашања: јавните приходи, јавните расходи, јавните добра итн.

Тука, на единствен начин се објаснува посебноста и важност на теоријата на јавниот избор. Имено, токму преку елаборација на теоријата на јавниот избор може да се сфати, и објасни комплексноста на целокупниот политички и економски процес на донесување одлуки и управување во јавниот сектор.

Третиот дел на трудот е посветен на теоријата за државата на благосостојба - теорија, која настојува да најде оптимален соодност помеѓу економската ефикасност и социјалната праведност (два постулата на општествениот развој помеѓу кои владеат односи на компромис, замена, т.е. односи на trade - off) и која третира вонредно значајни прашања, како што се: распределбата на доходот, сиромаштијата, социјалните функции на државата, образованието итн. Образложена е содржината на државата на благосостојба и потенциран е специфичниот карактер на јавните добра, на вредните, и на заедничките добра. Особено е за истакнување ова првично и систематско елаборирање пред економската јавност на еден студиозен начин, економиката на здравството и економиката на образованието.

Четвртиот дел на трудот ги третира проблемите на јавните претпријатија. Иако во последниве дваесетина години, бројот на јавни претпријатија, во светски размери, значително се намали, концептот на јавни претпријатија се уште е значаен, посебно во земјите во развој и во Западна Европа. Подобрувањето на управувањето и подигањето на квалитетот на перформансите на јавните претпријатија останува значајна преокупација и на теоријата и во практичното дејствување на владите, т.е. надлежните министерства.

Со економиката на јавните претпријатија всушност се прави длабинска анализа на дефинициите, структурата и предизвиците за дерегулација и приватизација кои се практикуваа последните децении над јавните компании претпријатија и генерално над јавната сопственост. Тука се изложени сите анализи да се покаже/докаже неефикасност на јавните претпијатија наспроти приватните, но и посебната филозофија, логика и поле на дејствување кое го имаат оригинерно јавните претпријатија.

Петтиот дел на трудот е посветен на менаџментот на јавниот сектор, со фокусирање врз современите концепти во овој домен-нов јавен менаџмент, јавен избор, јавно претприемништво и сл. Во овој дел, третирана е регулацијата во јавниот сектор како значаен сегмент каде државата треба да ја редефинира и преосмисли својата улога. Прикажаните регулаторски модели од повеќе земји, се од практично значење за нас, како за постојните регулаторните тела, така и за детектирање на области и сектори каде треба да се формираат нови.

Шестиот дел на трудот ја елаборира регулацијата во јавниот сектор. Тука посебно се елаборирани методите на регулација на природните

монополи (регулација на аутпутот, цените, профитната стапка, т.е. повратот на инвестираниот капитал), регулацијата на јавните добра, другите форми на регулација, дерегулација и ререгулација на јавниот сектор, како што се, Contracting –out, BOT- концептот и сл.

Делот за управување во јавниот сектор, претставен во шестата глава, секогаш е добродојден и корисен, колку теоретски, уште повеќе како практично укажување за актуелните проблеми и предизвици пред кои се исправени современите државни структури. Тука детално се објаснети моделите кои се практикувани последните децении, како и ефектите од нивната практична апликација. Притоа , изложените аргументи и искуства од управувачките реформи во другите земји може да биде од извонредно значење за Република Македонија, бидејќи ние се наоѓаме во фаза кога треба активно да се менува бирократското поведение и да се форсира нова административната култура ориентирана кон граѓанинот и бизнис секторот.

Седмиот дел на трудот носи наслов *Практични прашања на јавниот сектор,* и ги третира проблемите врзани за конкуренцијата во јавниот сектор, приватизацијата на јавните претпријатија и на јавните служби, како и основните карактеристики и опфатот на јавниот сектор во Република Македонија.

Изложувањето на практичнните примери на организацијата и структурата на јавниот сектор во Европската Унија и Република Македонија му даваат на трудот прагматична црта, и го доближуваат до непосредните учесници во креирањето и димензионирањето на јавниот сектор. Имајќи предвид, дека е тоа процес кој се одвива интензивно и денес, значајни се заклучоците и препораките кои се посочени на крајот од овој труд.

Сите посочени прашања и проблеми од областа на економијата на јавниот сектор, авторот проф. д-р Љубомир Кекеновски, ги третира на современ начин, со посебно сосредочување врз новите теоретски концепти од оваа област и врз добрите светски практики. Таквиот пристап е и нужен поради едноставниот факт што во последниве дваесетина години економската наука (посебно новата микроекономија) направи значаен теоретски продор во третирањето на клучните проблеми со кои се соочува јавниот сектор, кои по својата природа се и комплексни и противречни. Имено, од една страна, нагласените проблеми на приватизација, дерегулација и либерализација го засилија конкурентниот притисок врз економските субјекти и битно ја променија физиономијата на јавниот сектор, а од друга страна, самата дерегулација не ја дерогираше регулативната функција на државата, туку само го промени нејзиниот фокус на дејствување и наложи потреба од осмислување на нови пристапи на регулација (ререгулација) примерени на реафирмацијата на пазарната парадигма. Ваквите промени и тенденции во јавниот сектор се опстојно и успешно анализирани во овој труд, врз основа на користење на современа и релевантна литература од областа. Во трудот успешно е елабориран и анализиран јавниот сектор и во Република Македонија - неговиот опфат, клучните проблеми во одделни сфери (енергетика, водостопанство, транспорт, комунални дејности,

телекомуникации и пензиски систем), можните пристапи за нивно разрешување и сл.

За истакнувње е фактот, дека со оваа книга на најдобар начин се заокружува потребната стручна литературата за студентите на додопломските и постдипломските студии на Економскиот факултет, кои го слушаат овој предмет. Во исто време актуелноста на темата го прави отворено четиво за пошироката универзитетска јавност, бидејќи во елаборацијата е користен не само тесно економистичкиот туку еден поширок интердисциплинарен пристап.

2. Во трудот *Можности за економска соработка на просторот на бивша Југославија*, е образложува рационалноста од идејата за економско поврзување, наспроти видливите последици од тешката дисолуција на постјуголовенскиот простор. Во трудот се укажува и на успехот и резултати од логиката која ја следеше европската унија кога после стогодишни судири и две светски војни, истурајќи ги економските интереси на преден план успеа да ги релативизира своите политички и културни несогласувања. Обединувачкиот резулат од царинска преку економска до монетарна унија во овој петдецениски развој е импресивен. Во трудот се истакнуваат позитивните искуства од досегашната економска соработка, регионланата блискост и упатеност на фирмите, комплементарноста на некои од индустриите, познавањето на јазикот и културата, како почетни предности во обновувањето на економските релации на овој простор. Се заклучува дека неможноста да се решат безбедносните, политичките прашања на краток рок создваат високо економкси трошоци. Оттаму, се препорачува, релативизирањето на економксите бариери и политичките граници, следење на логиката на приватната иницијатива и интереси, кои најдобро ги релативизираат страстите и можат да обезбедат солидна основа за стабилен социјален и економски развој.

3. Во книгата, која излезе после обемниот истражувачки проект **- "Мерење на трансакционите трошоци'** каде кандидатот Кекеновски Д-р Љубомир е координатор и коавтор на трудот е составен од два дела на 217 страници. . Во првиот, теоретскиот дел дел се изложува најнапред концептот и дефинирањето на трансакционите трошоци, а во вториот практичниот дел, се прави обид за квантификација и мерење на трансакционите трошоци. Во исто време се врши и напоредна анкета, и интервјуа во Словенија, Србија и Бугарија, за да се посочи на влијанието на различните социо - културни услови врз висината на транскакционите трошоци. Затоа во овој двегодишен проект биле вклучени и институции и професори, со свои истражувања и трудови и професори и институции како CSEND од Швајцарија - професор Рејмонд Санер, од Универзитеот во Словенија, Професор Владо Димовски и проф.Д-р Невенка Хроватин, од Белградскиот Универзитет Јована Горѓевиќ, од институтот за Пазарна економија и Универзитетот од Софија - професорот Красен Станчев.

Методот на истражување кој се користеше при реализација на проектот беа анкети, интервјуа и конкретни case studies со 100 македонски фирми, бизнисмени, и претсавници на институции за да се лоцираат трансакционите трошоци и пречки во функционирањето на македонската економија. Анкетите за проектот ги изврши Брима галуп на повеќе од 1000- страници.

Во трудот се истражувани најнапред *Проблеми во постојните законски регулативи.* Тука се констатира недостиг од одредби за делегирање на одговорност за преземените активности и како резултат на тоа имаме непрофесионално и незаинтересирано извршување на задачите, подложно на коруптивни активности.

Несоодветност на законските одредби со реалноста при имплементацијата на истите. Појава на бројни пропратни административни бариери, отсуство на професионални служби кои треба да помогнат при имплементацијата, како и нејасно определени одредби кои дозволуваат различно толкување, односно отстапувања од оригинално определените законските одредби.

Потоа, *Проблеми кои ќе се решат со новите законски регулативи* Позначајни измени нема да има доколку не се промени пристапот во пишувањето на законите. Тоа би значело применување на повеќе искуствена практика отколку теоретско наддавање и докажување без водење сметка за практичната применливост на наведените одредби.

Следуваат *Предлози за механизми и законски решенија, каде се констатира дека* законската регулатива не треба да се проширува со дополнителни законски решенија од ист тип како досегашните. Всушност, потребно е да се внесат системски измени во начинот на составување на законите тие да бидат прецизни, точни и применливи. Единствено што треба да се подготви е да се работи на прирачници за примена на законите, кои кај нас се наречени Упатства. Меѓутоа, тие самите по себе не се разбирливи и исто така наведуваат на неприменливи чекори. За разлика од нив, потребни се прирачници со детално објаснување на сите чекори кои треба да се имплементираат како и со форми на документите кои треба да се подготвуваат. Се препорачува, овие прирачници да се донесуваат истовремено со законите, а не со поголемо доцнење.

Следува разгледувањето на *Проблеми при имплементација на постоечките закони* кои се јавуваат. Меѓутоа во контекст на претходните излагања, авторот се задржува на проблемот - наведување на различни толкувања на законските одредби. Ова е многу сериозен проблем кој е воедно и реален, а доведува до елиминирање на начелата за правичност, рамноправност, и еднаков третман за сите учесници во процесот на имплементација на законите. Уште повеќе, како можност се злоупотребува од двете страни во процесот на имплементација на законите, најчесто во меѓусебен договор, што доведува до рушење на довербата кај останатите дека законите се исти за сите.

На крај се посочени, *Административни бариери за водење бизнис,* почнувајќи од процесот за регистрирање на бизнисот (спора и сложена судска постапка), преку можностите за негово промовирање на пазарот (затворени зделки, однапред договорени, пуштање на јавна процедура само за легализирање на договорената зделка), се до практичната имплементација (чести измени во законите без јасни објаснувања и насоки за нивна примена)

Како резиме на проектот, се изложени во матрица *Предлозите за унапредување на бизнис климата.* Итно воведување на едно-шалтерскиот систем, воведување професионални служби за контрола на склучувањето договори (инспекции за спроведување на набавки), донесување на прирачници за примена на законите, без поголемо доцнење по донесувањето на законот за кој се однесуваат. Во матрицата на активности детално е определена *временската динамика* за одвивање на овие активности до крајот на годината, на краток, на среден и на долг рок.

4. Во *Предговор на македонското приопштување на книгата Капитализмот во Русија -100 години потоа* , од Московскиот градоначалник Јуриј Лушков, кандидатот Кекеновски Д-р Љубомир констатира дека се прави обид да се направи паралелела на едно од најпознатите дела на Владмир Илич Ленин - Капитализмот во Русија, се дадени главните сличности и разлики меѓу економската транзиција во русија и економската тразницијата во Република Македонија. На македонксите читатели им се приопштува една блиска и позната социјална и економска драма низ која поминуваме овие две децении . Во текстот се укажува дека, инхерентна одлика на раниот транзиционен период е господарското назадување, кое е проследено со силна социјална и човечка неправда, затоа што живееме во општество на нееднакви шанси. Имено, ова е време на појаките кои своите сомнително стекнати богатства ги користат за да ја монополизираат својата политичка и економска моќ. Најголема штета е во тоа што срушените економски лостови и другите транзициони неуспеси ги заттрпаа во своите рушевини надежите и очекувањата на обичните граѓани за брза, и успешна трансформација подобро утре. Се потсетува дека овој меѓупоредок има два клучни проблеми, првиот е незадоволителна социјална одржливост а другиот е стопанската немоќ да се саморепродуцира економијата. Поточно, овој социјално економски распоред на почетокот на 21 век, најдиректно не асоцира на една многу слична епизода од почетокот од 20 век, на што укажувал Ленин во неговата "Развитокот на капитализмот во Русија" и на што не потсетува овој римејк денес на Јуриј Лужков со неговата луцидна паралела.

Имено, самиот процес на осиромашување на 80% од населението произведува се повеќе пролетери и незадоволни, кои се главното гориво на социјалната револуција. Непочитувањата или неразбирањата на Лениновите и Лужковите укажувања се особено опасни за политичко - економските елити во преодните општества. Бидејќи, овој транзиционен уриет умножувајќи го капиталот на принципите на раниот капитализам,

промовира социјален дарвинизам кој не е прифалтив за поголемиот број граѓани и не е оддржлив на долг рок.

Најголемиот проблем што го произведува овој едноок и тесноград капитализам е тоа што оние кои стануваат одвишни од агресивниот капитал на олигарсите, со слабите социјални политики/фондови стануваат одвишни и од општеството. Тука се прави всушност најголемото губење на општествената продуктивност и енергија од државен аспект.

Од друга страна, за централни прашања на современите општества како никогаш досега се наметнаа образованието и науката, здравството, инфраструктурните и комуналните услуги. Овие не се само обични дејности туку тоа се и вредности кон кои актуелниот олигархискиот капитализам нема никакво почитување. Но државна то политика мора да гледа подолгорочно и да сфати дека сите граѓани заслужуваат пристап до квалитетно здравство, образование, информатички, транспортни услуги. Бидејќи, таквиот пристап не е само социјален туку многу повеќе економски императив. Наспроти оваа реалност, повеќе децении стои цврсто утврден социјално кохезивниот модел на западно европските земји со освоени социјални придобивки, настанат по пат на мирна социјлана еволуција.Затоа се упатува и во заклучокот на овој труд дека, реформите и вложувањата во овие дејности да ги почнеме веднаш за да може следните децении и идните генерации да ги почуствуваат тантиемите од нашата сегашна мудрост. Чуда нема, има само знаење за искрено да се усвои новата политика, истрајност и труд за да се направи квалитативен отклон кон еден нов модел, кој ќе не доведе до побогато и похумано општество.

5. Во трудот **....***Балканот како регион за конфронтација или соработка,* се исложуват опасностите од долгорочна изолација во евроатланските процеси на Западниот Балкан. Имено, следејќи ја логиката на воспоставување на национални држави на нашиов етнички, религиски и културно разновиден простор, се поттикнува непродуктивната борба за утврдување на граници, наспроти позитивните традиции на економска и друга кооперација изградени на овој простор за време на поранешна Југославија, отоманската и византиската ера, на релативизирање политичките граници, и промовирање на можности за економска соработка. При отворањето и релативизирањето на границите, се истакнува во текстот дека би била значајно местото и улогата на Република Македонија, како геополитичка средина на Југоисточна Европа. Посебно на градот Скопје, како идеална географска средишна точка меѓу Рим и Цариград на оската Исток-Запад, , односно Будмпешта и Атина, како коридор десет на ЕУ.

6. Ќе го истакнеме трудот **"Institutional and legal framework for transformation of the public sector in the Republic of Macedonia"**. Тука се анализирани, во два

дела, состојбите со јавните ентитетите во Република Македонија. Првиот дел со состои од анализа на законскиот и институционалниот поредок за трансформирање на државните системи, на кои основач е Собранието или Владата на Република Македонија. Покрај прикажувањето на слабостите во недовршената законска регулатива, се укажува на неопходноста од нова институционална поставеност. Поточно, на потребата од креирање нови регулаторни тела на републичко ниво, кои ќе бидат управувачки и финансиски независни од центрите на одлучување. Во вториот дел се анализираат состојбите во кои се наоѓаат локалните јавни претпријатија во светлина на трансферот на компетенциите од централно на локално ниво. Се откриваат слабостите и неможноста за целосно законско покривање на локалниот јавен сектор со актуелниот Закон за комунални дејности, и се укажува на потребата од законско регулирање по одделни дејности и сектори. Посебно важно е законски да се утврдат позициите на јавното и на приватното партнерство, можноста да се оперира со дозвола или под концесија за да се поттикне приватната иницијатива и приватното инвестирање во локалниот јавен сектор.

7. Во трудот ... ***"The role of Civil Society Sector in the improvement of the Business climate in the Republic of Macedonia***" на 24 страници текст и табели, детално е изложена структура, на цивилниот сектор во Република Македонија. Посебно е анализиран нивниот број, регионален распоред и доменот на активноста. Предмет на истражувањето на трудот беше влијанието на НВО секторот врз креирање на свеста за подобрување на бизнис климата во Република Македонија,. Притоа, освен регионалната диспропорција, која укажува на тоа дека најглем дел од НВО, се концентрирани во Скопје и поглемите градски центри, констатирано е дека многу малку асоцијации од невладиниот сектор се посветени на реализација на оваа идеја за подбрување на бизнис климата. Како слабост на домашните НВО од овој сектор , видливо е и тоа што изворот на финасирање е ограничен број на странски агенции или асоцијации. Наспроти големината на приватниот/бизнис сектор и константниот раст на буџетот НВО секторот е непропорционално слаб, мерено и по финансиите и по бројот на вработените. Очигледна е слабата соработка на домашните НВО , со Владата и особено со домашниот бизнис секторот, па се укажува на потребата од надминувње на некои законски слабости со цел да се зајакне довербата и соработката меѓу овие сектори. На крајот , се посочени препораки и решенија како патоказ што би требало да ги следат асоцијациите од цивилниот сектор во процесот на освојување на позначајно место и улога во македонското општетво.

Во изминатиов кандидатот освен значајни студиски престои реализирал и учествувал во повеќе научно истражувачки проекти

Учество во научно истражувачки проекти

1. Координатор на Проект со IOM "Social and economic reintegration of unstable categories of population in R. Macedonia", Септември 2004 година.

2. Одговори на Прашалникот од Европската унија, за темите поврзани со јавниот сектор, Декември 2004 година.

3. UNDP проект: Quantitative and qualitative analysis of the human resources in municipalities (survey), "Пристапност на Јавните услуги во различни региони и социјални слоеви во Република Македонија", Декември 2004 година.
4. Проект за модернизација на образованието во Република Македонија- проект на Светската банка и Министерството за образование, Ноември 2004 година.

5. Милениумски Цели" УНДП Проект, Декември 2004 година
6. UNDP проект, "Early warning reports" .Септември 2005 година.
7. НИСПА експертска мрежа - обука за Public Policy Advisors, 2005 година
8. Приватизацијата во ЈИЕ и пазарот на работна сила- Сојуз на синдикати на република Македонија. ССМ 2005 година.
9. UNDP project: Quantitative and qualitative analysis of the human resources in municipalities (survey)2005

10. Проект на Светска банка за Модернизација на образованието во РМ,- Министерство за Образование.2005 година

11. Транспарентност македонија,-проект, "Следење на процесот на приватизаицијa на ЕВН" -2005/6година

12. Консултант на Министерството за Економија за изработка на Законот за јавни претпријатија. 2005 година.

13. Координатор и ко-автор на на проектот - “Transformation of the Public Sector in the Republic of Macedonia with compliance to the European Legislative- With special overview on energy and gas”, 2005 година.
14. Консултант/автор на Проектот на Светска банка за “Подобрување на достапност на образовните услуги”. Министерство за Образование на Република Македонија. 2005 година
15. Transufuze organization - Берлин, Проект "Обука на млади лидери од Регионот на ЈИЕ" 2006 година,
16. Проектот за "едукација на млади лидери "на асоцијацијата Конрад Аденауер" и Отворено општество- Македонија" 2006 година ,
17.
18. Економкси Факултет-Скопје, Aiesec -Зимски универзитет - 2006 година.

19. Локален експерт на меѓународниот проект финансиран од швајцарската агенција SDC, “Berovo Urban Water Supply and Sanitation project” 2006/2007 година.

20. Консултант на Конфедерацијата на синдикати КСС, околу подготовките за донесување на Законот за вработените во јавниот сектор, 2007 година.

.

21. Координатор/автор на двегодишниот меѓународен - истражувачки проект “Откривање, дефинирање и мерење на трансакциони трошоци во македонската економија” со претставници од универзитети од Швајцарија, Словенија, Србија, Бугарија и Македонија 2005/2007 година.
22. Теорија на јавниот избор"Оформување на тези за Факултетот за Јавна администрација- Битола 2007.

23. Координатор за Република Македонија во меѓународниот проект, Раководен од Проф. Д-р Владо Димовски од Економскиот факултет- Љубљана - "Organizational Learning", 2007/2008 година.

24. Консултант на Министерството за економија за изработка на "Стратегијата за енергетски развој", 2008/9 година.

25. "Стратегијата за развој на креативните индустрии". Министерство за култура-2007/8 година.

26. Координатор на проектот “Discovering and Measuring Transaction Costs-Comparative Analysis of the Case of the Republic of Macedonia with Other Countries in Transition and the United States of America” MIT/Harvard University; Февруари- Септември 2008 година

Кандидатот д-р Љубомир Кекеновски во последниве неколку години со свои трудови активно учествувал на повеќе меѓународни симпозиуми, работилници и трибини, како и со со свои коментари, осврти, излагања и интервјуа во домашни и странски електронски и печатени медиуми.

Учество на меѓународни конференции

1. "Иднината на регионалните осигурителни компании" - меѓународна конференција, на SUERF,- Здружение на национални банки, Грац, Австрија, мај 2004.

2. "Проширувањето на Европската Унија - до каде се границите на Исток и на Југ" во организација на Универзитетот RENNES 2 и CEDIMES од Париз -Франција. Октомври, 2004 година

3. "Jean Monet Lectures"- Frie University of Berlin,. Јули 2005

4.

5. Работилница со авторско предавање при економскиот институт на БАН. Октомври 2004 година.

6. ”Civil society as a Building stone of functioning market economy in South East Europe”- , IDM Conference, Виена, 2006 година.

6. "Стабилноста на финансиискиот и банкарскиот системи. Варна, 2005 година.

7. "Приватизацијата во ЈИЕ и пазарот на работна сила, Сојуз на Синидиката на Македонија, ССМ , Скопје, 2005 година

8. Меѓународна конференција на поштенските синдикати од ЈИЕ, 2006 Струга.

9. "Социо- економските услови на Република Македонија -кој пат за побрза интеграција во Европската Унија" Рен 2, 2006 година.

10. И предавање во Athenau Академија на Каталониија, на тема “Економксите резултати на Македонија во светло на општествено - политичките движења на Балканскиот регион”. Барселона 2007 година.

11. L’EUROPE ÉLARGIE ET SES DÉFIS avec l’accent sur les perspectives ouvertes aux Balkans de l’Ouest, Cedimes, Охрид, 2006
12. Меѓунардона конференција за влијанието на идеологиите врз општествениот развој Струга, 2007 година.

13. Меѓународна Конферанција на Њујорк Универзитет (NYU) - Vagner Institute- Јавните услуги во Регионот на поширокиот Њујорк. Мај 2008 година.

14. ASN Conference Socio economic consequences of reintegrations process of Macedonia after the Conflict. Hariman Columbia University, New York, April 2008 .

15. UN-PUMA , conference , "Annual award for best public servanst in UN"- Јуни 2008
15. Европската интеграција кон НАТО и ЕУ на Западен Балкан, ., Софија. Ноември, 2008 година.

Членство во професионални асоцијации

1. Член на мрежата на економисти франкофони-Cedimes-Парис, Франција,

Член на издвачкиот одбор (Editorial Board на меѓународното списание, Managment review од Љубљана. член на експертската мрежа за јавна администрација на ООН - PUMA, на експертската мрежа на јавна администрација од Централна и Источна Европа НИСПА, Братсилава, Словакија. Член и на експертските мрежи за јавна администрација при OON-PUMA, на Transfuze Организацијата на малди европски лидери од Берлин, на издавачкиот одбор на Меѓународната ревија за Менаџмент, Љубљана - Словенија). Исто така член е на Fulbrajt alumni network и MIT Sloan alumni network..

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на се она што е погоре наведено, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Љубомир Кекеновски во изминатиов период остварил забележителна активност во реализирањето на педагошките и научноистражувачките задачи. Исто така, успеал квалитетно и ефикасно да ги заврши своите обврски врзани за стручното и научното усовршување, што се манифестира со успесите во работењето со студентите и со објавените трудови.

Она што е особено значајно е што кандидат одбрал една извонредно значајна област како што е проблематиката на јавниот сектор. Имено, во оваа научна област во последните дваесетина години се направени квалитативно нови научни пробиви на економската теорија и практика.

Следејќи ја и сериозно испитувајќи ја проблематиката на јавниот сектор, кандидатот д-р Љубомир Кекеновски успеал да навлезе во суштината на овие проблеми и да изврши квалитетен трансфер на знаење. Неговата анализа има и големо апликативно значење бидејќи во Република Македонија е во тек преструктурирањето на јавниот сектор. Во таа смисла, неговите истражувања претставуваат солидна и научно фундирана основа на креаторите на економската политика за преземање неопходни мерки за преструктурирање и за поквалитетна преобразба на јавниот сектор.

Со право очекуваме кандидатот д-р Љубомир Кекеновски да продолжи со проучување на оваа област и со своите стручни и научни трудови да даде придонес во осовременувањето на наставната материја.

Анализирајќи ги досегашната работа и постигнатите успеси, а согласно со Законот за високо образование, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје **да го избере д-р Љубомир Кекеновски за наставник по предметот економија на јавниот сектор во звањето редовен професор.**

Рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Живко Атанасовски, с.р.
2. Проф. д-р Таки Фити, с.р.
3. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-512/1
05.03 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 134 став 1, а во врска со член 135 од Законот за високото образование ("Сл.весник на РМ" бр. 35/08) и член 30 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на **27.02.2009** година, ја донесе следнава

О Д Л У К А

1. Кандидатот проф. д-р **Љубомир Кекеновски** се предлага да се избере за **редовен професор** по предметот **Економија на јавниот сектор.**

2. Оваа одлука да се достави до Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје за избор, архивата на Факултетот и папката на соодветната седница.

О б р а з л о ж е н и е

На објавениот Конкурс за избор на наставник по предметот **Економија на јавниот сектор** во Утрински весник од 27.11.2008 година се пријави проф. д-р **Љубомир Кекеновски**.

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр.957 од 02.02.2009 година.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 15.12.2008 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. Проф. д-р Живко **Атанасовски**
2. Акад. проф. д-р Таки **Фити**
3. Проф. д-р Михаил **Петковски**

го утврди кандидатот проф. д-р **Љубомир Кекеновски** како кандидат за наставник по предметот **Економија на јавниот сектор** на Економскиот факултет во Скопје, во звањето **редовен професор.**

Согласно член 52 став 1, алинеја 16, Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје треба да го изврши изборот на именованиот во звањето **редовен професор**.

Доставено до:
-именованиот
-Сенатот на Универзитетот
-општа и персонална служба,
- архивата
- папката од соодветната седница
- Комисијата за веб страната на Факултетот

Д Е К А Н,

Проф.д-р Бобек ШУКЛЕВ

Република Македонија Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Економски факултет Скопје

Бр. 02- 305
30.3.2009 год.

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, бр. 103/2008 и 26/2009), Универзитетскиот сенат, на 7. седница одржана на 30.3.2009 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за избор на редовен професор

Член 1

Д-р Љубомир Кекеновски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје–Економски факултет-Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје-Економски факултет-Скопје по предметот Економија на јавниот сектор.

Член 2

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Љубомир Кекеновски заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје–Економски факултет-Скопје и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Р е к т о р

Проф. д-р Велимир Стојковски

ДН:
- Економски факултет во Скопје
- Д-р Љубомир Кекеновски

мм/ед